РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМС УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-28
16.11.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До:

Предмет: Одговор на Претставка

Почитувана,

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) внимателно ја разгледа Вашата Претставка (УПП 03-28 од 04.11.2026 година), која се однесува на емисијата „Под лупа“, емитувана на ТВ Алфа на 2 ноември 2026 година, со гости.

Најпрвин, сакаме да Ве известиме дека АВМУ веднаш, на 3 ноември, по службена должност изврши увид во ова издание на емисијата и, тргнувајќи од своите законски надлежности согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ) и Законот за спречување и заштита од насилство врз жените и семејното насилство, истиот ден објави соопштение во кое јасно ги осуди ставовите со кои се „релативизира и оправдува насилството врз жените и децата, се промовира нивната подредена положба и се прави обид таквите сфаќања да се претстават како традиционални вредности“ и оцени дека: „Ваквите пораки се неприфатливи и се во спротивност со основните принципи на почитување на човековите права, еднаквоста и човечкото достоинство.“ Агенцијата потенцираше дека „насилството, понижувањето и нееднаквоста не се традиционални вредности и не можат да бидат оправдани под каков било изговор“, како и дека „Особено е недозволиво физичкото насилство врз децата да се претставува како прифатлив начин на воспитување, или насилството врз жените како нормален дел од семејните односи“.

По три пристигнати претставки од физички лица, на 13 ноември 2026 година, АВМУ објави извештај од спроведен вонреден програмски надзор врз емисијата „Под лупа“ емитувана на ТВ Алфа на 2 ноември 2026 година, за почитувањето на член 48 став 2 од ЗААВМУ, притоа имајќи ја предвид обврската од член 48 став 3 од Законот за следење на практиката на Европскиот суд за човекови права (дали ограничувањето на слободата на изразување е забрането со закон, има легитимна цел и е неопходно во едно демократско општество). Надзорот покажа дека:

- Во изјавите на како: *„Феминизмот е тој кој жените ги направи да се однесуваат на неадекватен начин и да отфрлат било каков машки надзор“*, тој експлицитно заговара дека на жените им е потребен “машки надзор“, но понатаму во својот говор дополнува - *„На жената ѝ е потребна заштита... На жената и е потребна машка заштита...“*. Понатаму, во изјавата: *„Ама чекајте, што е насилство? Дали е насилство изневерувањето од сопругата...Или е насилство реакцијата на сопругот на фактичката состојба?“*, тој се обидува да го релативизира насилството врз жените, велејќи дека тоа е реакција на сопругот на можното изневерување од страна на сопругата. Сепак, во текот на дебатата тој експлицитно не повикува на такви акции од страна на мажите.

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

ул. Македонија бр.38
1000 Скопје

- Ставовите и квалификациите изнесени од соговорникот Петар Богојески имаат дискриминаторски карактер од аспект на родот и полот, но предмет на оценување од страна на Агенцијата е како постапил медиумот, а не поединецот, односно дали медиумот го прекршил член 48 став 2 од ЗААВМУ за што би требало или само да изврши трансмисија или да ги поддржи/засили неговите ставови.

- Новинарката ... ги почитуваше новинарските стандарди, со тоа што поставуваше куси прашања со кои отвораше различни теми кои можат да влијаат врз односите во бракот; вметнуваше коментари со кои јасно го покажуваше својот став кон прашањето на родовозаснованото насилство, кон улогите на сопружниците, како и кон влијанието на традиционалните вредности; повеќепати се навраќаше и ги проблематизираше ставовите на г Богојески, а по потреба посочуваше и факти спротивни на неговите тврдења.

- Дополнителна, соговорничката, адвокатката ... во дебатата со своите аргументи соодветно ги оспоруваше и разобличуваше изнесените тврдења на ... онаму каде што ... изнесуваше политички ставови базирани врз неговото мислење за тоа што се „традиционални вредности" ... а изнесуваше аргументи засновани на домашни и меѓународни правни акти; онаму каде што тој даваше сопствени толкувања за настани, таа сопоставуваше примери од нејзината адвокатска пракса; кога тој изнесуваше воопштени флоскули за родовите улоги, таа ги конкретизираше со цел да ги разобличи, а на тврдењата за неговиот брак изнесуваше примери од сопствениот живот.

- Говорот е искажан на телевизија на државно ниво, во вечерен термин. По емитување на емисијата, од страна на Телевизијата направени се кратки исечоци со поенти о... и од новинарката ... објавени на социјалните мрежи. Во овие исечоци, освен изјавите н... прикажани се и спротиставените ставови на соговорничката и на новинарката.

На ваков начин, во емисијата и во објавените куси исечоци, ниту еден од ставовите и квалификациите изнесени од ... ои имаат дискриминаторски карактер од аспект на родот и полот не останаа непредизвикани, туку напротив тие беа разобличени преку стручноста и вештиот и аргументиран стил на дебатирање на адвокатката Котеска, и преку прашањата и коментарите на новинарката Паула ...

Дискриминацијата врз основа на пол и род е забранета со член 48 став 2 од ЗААВМУ, меѓутоа, согласно практиката на ЕСЧП и одредбите на други релевантни европски документи, начинот на кој беше реализирана емисијата покажува оти ограничувањето на слободата на изразување во конкретниот случај нема легитимна цел и не е неопходно во едно демократско општество. Оттаму, Агенцијата во Извештајот од надзорот не констатираше прекршување кај ТВ Алфа на посебните забрани од член 48 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Писмениот извештај од вонреден програмски надзор Ви го доставуваме во прилог на овој одговор.

Агенцијата ќе ја извести ТВ Алфа за Претставката, а дополнително, Претставката (во анонимизирана форма), заедно со одговорот, ќе ги објави на својата веб страница на следниот линк: https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Примено: Pranuar:		13.11.2026	
Орг. Един. Nj.org.	Број: / Numer:	Прилог: Shtojce:	Вредност: Vlera:
10	4242/1		

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), се доставува:

ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Вонреден надзор реализиран по претставки од физички лица

2. **Субјект на надзорот:** Телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 2 ноември 2026 година, издание на актуелно-информативната емисија „Под лупа“ (22:31:14 - 23:31:43)

4. **Датум на извршување на надзорот:** 13 ноември 2026 година

5. **Предмет на надзорот:**

   – **Член 48 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (посебни забрани)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот надзор, извршен врз основа на три претставки, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво АЛФА ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 2 ноември 2026 година, на државно ниво, **не е констатирано прекршување на посебните забрани од член 48 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**.

Предмет на надзор беше емисијата „Под лупа“ која се емитува секој понеделник во 22 часот и 30 минути, поточно нејзиното издание од 2 ноември 2026 година. Во емисијата на тема „Распадот на македонското семејство: Меѓу насилството, разводите и судирот на традицијата со модерното време“, чија водителка беше Паула Костадиноска - Костиќ, гостуваа претседателот на партијата Македонски концепт Петар Богојески (претставен како „десничарскиот политичар“) и адвокатката Катерина Котеска (претставена како „адвокатката од првите борбени редови во судовите која застапува жени жртви“).

Подносителите на претставките сметаат дека во ова издание на емисијата „Под лупа“, „Петар Богојески изнесува ставови со кои го релативизира и оправдува насилството врз жените и поттикнува доминација, присила и загрозување на нивните основни права“.

Во трите претставки, посебно се истакнува оти:

- „Нарекувањето на пријавите за психичко и вербално насилство (како викање, кршење и трескање во домот) со термините 'помодарство на семејни насилства' и 'општествена хистерија' претставува директно поттикнување на однесување кое го нормализира насилството и ги загрозува жртвите";

- Со претставувањето на неверството на жената како форма на насилство, додека насилството од страна на мажот како реакција на таквото однесување, како и „со изјавите дека 'секоја жена треба да има машки надзор' и дека без тоа жените покажуваат „девијантно поведение", директно се поттикнува загрозување на безбедноста и основните права на жените во општеството", односно ваквите ставови отворено промовираат модели на машка доминација, присила и потчинетост".

- Подносителите сметаат дека „дополнително загрижувачки е што водителката не се оградува од овие ставови, не укажува дека насилството не може да биде оправдано со неверство или какво било друго однесување и дозволува ваквите тврдења да останат без критичко преиспитување" како и дека „во текот на емитување на ваквата изјава, уредникот и новинарскиот тим на Телевизијата покажа одредена реакција, не се огради од ваквите недозволени ставови и не го прекина соговорникот во јавното пропагирање физичко насилство и семејно насилство врз жените".

Анализа

Од аспект на жанровската класификација, посочената емисија, според Упатството за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми[1] претставува актуелно-информативна програма која е тематски определена програмска целина, примарно наменета да известува и/или да анализира актуелни или реактуелизирани глобални, регионални и/или домашни општествени настани, случувања и теми. Ова издание на емисијата „Под лупа" беше реализирано како дебата, односно соочување.

За да се оцени дали во емисијата има прекршување на законските норми, на увид е даден транскрипт од сегменти од емисијата поврзани со претставките, а кои го отсликуваат текот на дебатата:

(23:04:37- 23:11:14)

Катерина Котеска: *„...Меѓутоа, она што го гледам јас, во разводите, доаѓаат жени кои се преморени и уморни од сé. Како што рековте, сите обврски се на нејзиниот грб, таа трча, работи, чува деца, сé. Имав и еден случај..."*

Петар Богојески: *„Значи за вас пола муштерии".*

Катерина Котеска: *„...Каде што таа доаѓа во ситуација од сопствената куќа, со три деца да замине, бидејќи има вербално, односно психолошко насилство. Секое влегување е кавга, викање, кршење по дома..."*

Петар Богојески: *„Па тоа не е живот".*

Катерина Котеска: *„...Значи не е живот ама нема физичко насилство, значи повторно има психолошко насилство. И тука е многу важно психолошкото насилство да се реагира и да се детерминира. Посебно мерката, отстранување на насилникот од домот. Па ние имавме статистика, каде што на ниво на Основен суд на Битола, за 2025та..."*

Петар Богојески: *„Ама не може насилникот да е сопственик на домот, а вие да го отстранувате".*

[1] Упатство за начинот на класификација на видовите аудиовизуелни и аудио програми достапно на: http://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Upatstvo_za_nacinot_na_klasifikacija_na_vidovite.pdf

Катерина Котеска: *„Не, законот вели, се отстранува без разлика на тоа чив е....“.*

Петар Богојески: *„Ама чекајте, што е насилство? Дали е насилство изневерувањето од сопругата...“*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Ама тоа се лични односи“.*

Петар Богојески: *„...Или е насилство реакцијата на сопругот на фактичката состојба?“*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Реакцијата на сопругот, по закон“.*

Петар Богојески: *„Што е насилство?“*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Па реакцијата на сопругот“.*

Катерина Котеска: *„Професоре, секоја реакција треба да биде контролирана..“*

Петар Богојески: *„...Тогаш, тоа неговото не е насилство. Неговото е реакција на заштита на неговото достоинство“.*

Катерина Котеска: *„Јас ја контролирам мојата реакција, да не ви одговорам адекватно, затоа што велите дека сум го развела пола град. Меѓутоа се контролирам, и таква реакција од мене нема да добиете. Исто се однесува и до меѓусебните односи во бракот. Значи, ако јас сум жена, а сопругот мој, исто така, се караме, се расправаме за одредена работа, сите ние треба да ги контролираме своите реакции...“*

Петар Богојески: *„Не, не, не...“*

Катерина Котеска: *„Да се конфронтираме со аргументи, а не со силата, физичката или со традицијата дека машкиот збор е последен“.*

Петар Богојески: *„И веднаш тука влегуваат МВР и адвокатите и ја решаваат работава. Final results - развод“.*

Катерина Котеска: *„Ако не си ја контролира реакцијата, ако вика, ако крши, како што беше во овој случај, и тоа пред очи на три деца, значи без разлика што нема физички контакт, тоа е насилство и тоа треба да се санкционира. Треба секој да се санкционира, јас кога сум говорела помеѓу млада популација, сум велела – кога ќе земете да формирате врски, многу е важно дека врската се темели на доброволна основа, и разбирање меѓусебно и почит. Тука се сложувам со вас. Меѓутоа, не и наметнување. Наметнувањето е ембрион на насилството. Затоа што секој што му се наметнува некој, добива отпор, кон тоа“.*

Петар Богојески: *„Мудра жена знае кога треба да пќути“.*

Катерина Котеска: *„И мудар маж исто“.*

Петар Богојески: *„И знае кога треба да остави простор, да биде исполнето егото на мажот“.*

Катерина Котеска: *„А на егото на жената?“*

Петар Богојески: *„Тоа што не успеваат денешните помлади генерации, да научат во семејството кога треба жената да пќути, во одредена ситуација или момент, станува збор за момент, тоа е тоа кое предизвикува бурни реакции“.*

Катерина Котеска: *„И несразмерноста, ако жената поќути, мажот утредента, пример треба да се извини со еден букет цвеќе. А прашајте, колку добиле цвеќе жени, во денешно време, во знак на извинување во Македонија. Колку, еве ќе направиме анкета за следна емисија".*

Петар Богојески: *„Знаете ли колку добиваат жени цвеќиња секој ден, а после јадат ќотек после цвеќето?"*

Катерина Котеска: *„Не, не навлегувам сега, бегате од темата. Зборите дека несразмерноста...".*

Петар Богојески: *„Не бегам, затоа кажувам, мене ми е тоа дволично".*

....

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Е сега да прашам, а обратно, еве што мислиш, дали мажот треба да поќути?"*

Петар Богојески: *„Темата мислам дека беше повеќе дали треба да се задржиме на традиционалните вредности..."*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Да, дали западните вредности... Кој е поголем виновник за распадот? Западните вредности или македонскава традиција? Петар не ме слушаш сега што ти зборувам..."*

Петар Богојески: *„Како?"*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Еве кој е по, за тебе, главен виновник, западниве вредности на модерен брак, на модерни општества, знаеме и во ЕУ земји како функционираат, или оваа македонската традиција и сам сега кажа – треба жената да знае кој момент треба да поќути. Мене прашањето ми е, ова е македонска традиција, типично традиционално семејство, дали сопругот треба да има некој момент кога ќе треба да прекути, или некој момент, иако не знае да готви, да си преземе денеска што ќе прави на пример. Нели, бидејќи сопругата има ситуација која што нема да може тоа да го направи. Затоа што тврдокорно се бориш за традиционалното..."*

Петар Богојески: *„Тоа наше отварање кон светот, преку дигитализација, преку патувања почести, образование во странство, во размена, контакти со луѓе и така натаму... не значи дека ние треба en bloc да прифатиме се што ни доаѓа од западот, така популарно кажано. Него треба да бидеме внимателни..."*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Така, задржи ја мислата, само една секунда... Еве конкретно, во неколку ЕУ земји, кога се разведуваат, кај нас е борба татковците за заедничко старателство, во дел од ЕУ земји, гнездо е станот, не децата да се шетаат кај мајката – кај таткото, и да им е тоа стрес. Него, две недели доаѓа мајката во тој стан, две недели доаѓа таткото. Така? Тоа е еден, да кажеме, еден од начините, како во ЕУ земји го решиле проблемот при разводи и при старателство. И сега, ако ние тргаме од тој концепт на македонско традиционално семејство, кој што секој си ги знае, нели улогите, еве ти како што велиш, што во тој случај кога ќе дојде во развод, издржан развод, имаме милион причини за развод..."*

Петар Богојески: *„Ама јас зборувам да не дојде до развод".*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Ама имаме ситуации каде што мора. Да, твојот став е дека во Македонија вака се разведуваат без причина, ама..."*

(23:13:24 – 23:19:35)

Петар Богојески: *„Јас мислам дека феминизмот како идеологија е причина за растурање на улогата на жената во традиционалното семејство и општество".*

Катерина Котеска: *„Вие имате право на ваше мислење али не сте во право".*

Петар Богојески: *„Феминизмот како идеологија е причина да жената, на жената и се отежни животот, сериозно. Да и се отежни и стилот на живеење, да и се отежни и улогата семејна и општествена. Феминизмот е тој кој жените ги направи да се однесуваат на неадекватен начин и да отфрлат било каков машки надзор".*

Катерина Котеска: *„Кој е тој неадекватен начин?"*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„А зошто надзор?"*

Катерина Котеска: *„...И надзор, кој мене ќе ми врши надзор?"*

Петар Богојески: *„Споделив пред некое време... Па тоа е проблемот..."*

Катерина Котеска: *„Кој ќе ми врши мене надзор?"*

Петар Богојески: *„Сопругот".*

Катерина Котеска: *„А зошто?*

Петар Богојески: *„Зошто тоа му е задача, обврска".*

Катерина Котеска: *„Нема ли доверба во мене па ќе ми врши надзор?"*

Петар Богојески: *„Значи пред некое време споделив едно лудило на жени во Европска комисија во Скопје, тие шо праеа таму, медитираа, нешто се глупираа. Тоа да го гледа нормален човек, ќе речи – ова не е нормално, ова поведение".*

Катерина Котеска: *„Кој, нормален човек маж, или нормален човек жена?"*

Петар Богојески: *„Ова поведение на жените што го правеа таму во таа Европа Хаус или како се вика не знам, во таа салата, тоа нормална жена не го прави. Значи, феминизмот, стилот на наметнување на тие некакви си нови, таканаречени вредности, не се вредности, тоа се анти вредности, доведе да жените буквално го изгубат својот пат и прават такви девијантни појави, како во таа Европа Хаус во Скопје..."*

Катерина Котеска: *„А што се тие девијантни појави?"*

Петар Богојески: *„....И јас често викам, еве ви доказ..."*

Катерина Котеска: *„Што прават жените девијантно?"*

Петар Богојески: *„...Како се однесува жена без машки надзор."*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Аааа (со иронично смеење)"*

Петар Богојески: *„Значи тоа е страшно девијантно поведение и однесување".*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Секоја жена треба да има машки надзор!?"*

Катерина Котеска: *„...Машки надзор. Тогаш да формираме тела кои ќе пуштат овие жениве што немаат мажи...“*

Петар Богојески: *„Не, тоа може да го крстиме за машки support, машка поддршка“.*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Да ама знаеш дека има и самохрани мајки и жени кои што не се во брак, тие што ќе прават?“*

Катерина Котеска: *„Да да, па да направиме една организација, па да ги пуштаме по службена должност на тие што немаат мажи“.*

Петар Богојески: *„...На една сопруга, на една мајка, на една жена која е носител на честа на семејството, не и доликува такво поведение. Второ, во последно време, забележувам, ние децата ги заменивме со кучиња и мачиња. Ја ги сакам многу животните, дома имам све. Сега ќерката и зајак донесе, уште тоа фалеше. Значи све имаме, што може да имаме. Меѓутоа тие не се замена за нашите деца.Тие се забава за нашите деца“.*

Катерина Котеска: *„Тоа е точно, се сложувам“.*

Петар Богојески: *„Ние дојдовме во ситуација каде што, општеството, децата ги заменивме со кучиња и мачиња. И жените сметаат дека е навреда и е понижување да живее во брак со маж во кој таа имала обврска да раѓа деца. Па тоа е така зошто така ја создала природата. Ја да родам деца не можам“.*

Катерина Котеска: *„Апсолутно, и јас истото го реков“.*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Личен избор...Тоа е личен избор. Дали ќе раѓа или не е личен избор. Исто и на мажите личен избор дали ќе бидат татко“.*

Катерина Котеска: *„...На самиот старт треба да се договорат, не некој на некој да му се наметне, ако не се заинтересирани за потомство е во ред, меѓутоа ако се заинтересирани...“*

Петар Богојески: *„Жените ќе одлучат за иднината на оваа нација. Затоа на старт кажав...“*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„Ама со надзор...“*

Катерина Котеска: *„Жените ќе одлучат, меѓутоа ќе одлучат врз основа на тоа што им се нуди од мажите. Јас сметам дека ниту една зрела, образована жена, која има свое занимање, вештина, и така натаму...“*

Петар Богојески: *„Еве жена ми е зрела, образована жена, магистер по деловно право, експерт за бизнис право, работи сериозна одговорност, има сериозна професија, и, како се вика, кариера, и воопшто не и смета доминантната улога на сопругот“.*

Катерина Котеска: *„А вие имате доминантна улога?“*

Петар Богојески: *„Нормално, така треба да биде“.*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„А во која смисла, што значи тоа доминантна улога?“*

Катерина Котеска: *„Досега кажа дека не е така“.*

Петар Богојески: *„Ниту на мене не ми смета улогата на сопругата и нејзиното влијание во семејството и менаџирањето со семејството“.*

Катерина Котеска: *„Никој не треба да биде доминантен. Никој на никого не треба да смета и никој на никого да му се наметнува. Инаку, зошто да не се почитуваме?“*

Петар Богојески: *„Не, јас не и се наметнувам на сопругата, ниту, не не....“*

Катерина Котеска: *„Зошто да не го почитуваме ставот и зборот на спротивниот, на партнерот со кој сме одлучиле да живееме?“*

Петар Богојески: *„Не, не, ниту ја и се наметнувам, ниту на неа и смета мојата улога, пак не ме разбравте...“*

Катерина Котеска: *„Па не, зошто да смета, на ниедна жена не ѝ смета улогата на мажот, се додека таа улога не се направи она што не треба да биде и од тоа таа пати. Пати таа, патат и децата и тогаш улогата на мажот не е како што треба да биде туку е како што не треба да биде. И е нормално, една жена еманципирана, која нема надзор од маж, да рече – јас ќе земам и ќе се разведам. Се пошегував, меѓутоа, ниту една жена не треба да биде предмет на надзор, затоа што треба односите да ги градиме врз основа на меѓусебна доверба и почитување. Како мене некој ќе ми врши надзор, денеска кај сум, ако веќе не ми верува на зборот кај сум и за да се увери во тоа?“*

Паула Костадиноска – Костиќ: *„А што е надзор? Ајде уште еднаш да објасниме, ова со надзоров е интересно, што е надзор?“*

Петар Богојески: *„На жената и е потребна заштита... На жената и е потребна машка заштита...“*

Катерина Котеска: *„Се сложувам во тоа, и на мажот му е потребна женска заштита“.*

Петар Богојески: *„...Не заштита, женска нега“.*

Катерина Котеска: *„Во ред, ете нека биде нега“.*

Петар Богојески: *„Тоа е традиционално општество, каде што мажот го заштитува семејството, а жената го негува семејството“.*

Катерина Котеска: *„А што правиме во браковите каде што жената заработува три пати повеќе од мажот?“*

Петар Богојески: *„Пак вие за парите, пак материјалното...“*

***

Согласно „Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание“ на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, секое ограничување на слободата на изразување треба да биде резултат на мониторинг кој „треба да го следи начинот на кој Европскиот суд за човекови права проценува дали има или нема потреба од ограничување на слободата на изразување во секој поединечен случај...цитирајќи го не само Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, туку давајќи и објаснување за легитимната цел за таквата одлука и зошто е потребно такво ограничување на слободата на изразување во

едно демократско општество“[2]. Ова значи дека, за да се утврди дали се исполнети сите услови од трипартитниот тест на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП), потребно е да се утврди **дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон, има легитимна цел и е неопходно во демократско општество**.

Дали ограничувањето на слободата на изразување е пропишано со закон?

За да се одговори на ова прашање, следува преглед на меѓународната и македонската регулаторна рамка која е релевантна за оценувањето дали во емисијата „Под лупа“ на тема „Распадот на македонското семејство: меѓу насилството, разводите и судирот на традицијата со модерното време“ емитувана на ТВ Алфа на 2 ноември 2026 година е прикажана содржина која е спротивна на посебните забрани од член 48 став 2 од ЗААВМУ.

Согласно член 10 од Европската конвенција за човекови права (ЕКЧП):

Член 10

„Секој има право на слобода на изразување. Ова право ја вклучува слободата да се застапува одредено мислење и да се примаат и даваат информации и идеи без мешање на јавната власт и без оглед на границите. Овој член не ги спречува државите да бараат лиценцирање на претпријатијата за радиодифузија, телевизиски пренос или кината“.

„Остварувањето на овие слободи, бидејќи со себе носи и должности и одговорности, може да подлежи на одредени формалности, услови, ограничувања или казни кои се пропишани со закон и неопходни за едно демократско општество, во интерес на националната безбедност, територијалниот интегритет или јавната безбедност, за спречување на немири или криминал, за заштита на здравјето и моралот, за заштита на репутацијата или правата на другите, за спречување на откривањето доверливи информации или за одржување на авторитетот и непристрасност на судството“[3].

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25) содржи посебни забрани, согласно кои:

Член 48 став 2 и став 3

„(2) Аудио и аудиовизуелните медиумски услуги не смеат да содржат програми или видеоспотови или аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации што поттикнуваат или шират дискриминација, нетрпеливост, насилство или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.

[2] „Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание “, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија, 2024 година, стр. 49, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Vodic-za-monitoring-na-govor-na-omraza-vtoro-izdanie-.pdf

[3] Европска конвенција за човекови права, член 10, достапна на: http://www.echr.coe.int/Documents/Convention_MKD.pdf

(3) Посебните забрани од ставовите (1) и (2) на овој член се во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права".

Согласно барањето од член 48 став 3 од ЗААВМУ дека примената на одредбите со „посебните забрани ... се во согласност со практиката на Европскиот суд за човекови права", во конкретнава ситуација релевантни се случаите ***Јершилд (Jersild) против Данска*** **(1994 година)[4] и Хендисајд (Handyside) против Велика Британија[5].**

Во првиот случај, новинарот Јершилд, направил документарен филм кој содржел изводоци од телевизиско интервју со три членови на групата млади лица кои себеси се нарекувале „Зелени јакни" („Greenjackets"), и кои изјавувале навредливи и понижувачки забелешки за имигрантите и етничките групи во Данска. Јершилд, кој бил казнет од данските судови за помагање и поттикнување при ширење расистички содржини, пред ЕСЧП тврдел дека со тоа било ограничено неговото право на слобода на изразување.

ЕСЧП направил разлика меѓу членовите на групата „Greenjackets", кои давале отворени расистички забелешки, и Јершилд кој сакал да ја претстави, анализира и објасни оваа конкретна група млади лица и да ги разгледа посебните аспекти на прашањето кое веќе било предмет на голема јавна загриженост. Документарниот филм, како целина, немал за цел да пропагира расистички мислења и идеи, туку да ја информира јавноста за едно општествено прашање. Следствено, Европскиот суд заклучил дека данскиот суд ја ограничил слободата на изразување на Јершилд.

Во вториот случај, судот во Велика Британија го казнил Хендисајд – издавач на книгата насловена Малиот црвен учебник (Little Red SchoolBook). При преразгледувањето, ЕСЧП утврдил дека нејзиното издавање е во согласност со исклучокот од член 10 став 2, и оти член 10 не важи само за „информациите или идеите кои се примаат поволно или се сметаат за ненавредливи или индиферентни, туку и за оние кои ја навредуваат, шокираат или вознемируваат државата или некој дел од населението. Такви се барањата на плурализмот, толеранцијата и слободоумноста без кои нема демократско општество".[6]

Дали ограничувањето на слободата на изразување има легитимна цел и

дали е неопходно во едно демократско општество?

Во Препораката CM/Rec(2022)16 за борба против говорот на омраза[7], Советот на Европа, во точка 3 прави разлика меѓу различните степени на штетен говор при што посочува две категории кои се казниви (едната според кривичното, а другата според граѓанското или управното право), и трета која се однесува на „навредливи или штетни видови на изразување кои не се доволно тешки за легитимно да бидат ограничени според Европската конвенција за човекови права, но сепак повикуваат на алтернативни одговори" меѓу кои и спротивставен говор.

Препораката ја дефинира улогата на медиумите во точка 38 каде е наведено дека „медиумите, новинарите и другите чинители треба да ја исполнат својата улога на јавен набљудувач во демократското

[4] Достапно на македонски јазик на: https://semm.mk/attachments/article/242/jersild-danska.pdf

[5] Достапно на македонски јазик на: http://hudoc.echr.coe.int/eng?i=001-141062

[6] „Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија, 2026 година, стр.28, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Vodic-za-monitoring-na-govor-na-omraza-vtoro-izdanie-.pdf

[7] Препораката CM/Rec(2022)16 за борба против говорот на омраза, Совет на Европа, стр.7, достапна на македонски јазик на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Recommendation-on-combating-hate-speech-Memorandum-MKD-PREMS-083822-GBR-2018.pdf

општество и да придонесат за јавната дебата; тие треба да уживаат слобода да известуваат за омраза и нетолеранција и да ги бираат своите техники, стилови и медиуми за известување, под услов да се стремат да ѝ обезбедат на јавноста точни и сигурни информации"[8].

Дополнително, во точката 4 од оваа Препорака е посочена основата на постапувањето на АВМУ, бидејќи таму е наведено дека „со цел да ја проценат тежината на говорот на омраза и да утврдат кој вид одговорност, доколку постои таква, треба да му се припише на некој специфичен израз, властите на земјите-членки и другите засегнати страни треба, следејќи ги насоките дадени од соодветната судска пракса на Судот, да ги земат предвид следните фактори и интеракцијата меѓу нив: содржината на изразот; политичкиот и социјалниот контекст во моментот на изразувањето; намерата на говорникот; улогата и статусот на говорникот во општеството; начинот на којшто изразот се шири или засилува; способноста изразот да доведе до штетни последици, вклучувајќи ја и непосредноста на таквите последици; природата и големината на публиката, и карактеристиките на целната група"[9].

Европскиот суд за човекови права, при одлучувањето за ваквите случаи, го зема предвид фактот дека форматот на дебата дозволува „размена на мислења, па дури и расправа на таков начин што изразените мислења создаваат меѓусебна противтежа, а дебатата го задржува вниманието на гледачите"[10].

„Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание" посочува дека „Една од најважните разлики кои треба јасно да бидат изразени во националното право и пракса со цел да се направи јасна разлика меѓу одговорноста на авторот на изразите на говор на омраза, од една страна, и некаква одговорност на медиумите и медиумските професионалци кои придонесуваат за ширење на истите како дел од нивната мисија да пренесуваат информации и идеи за прашања од јавен интерес, од друга страна"[11].

Анализата на емисијата покажа дека таа, како новинарски продукт ги има следниве карактеристики:

- Имајќи предвид дека станува збор за дебата во која ставовите ги соочуваат двајца соговорници, кои се поканети од новинарката и кои се најавени како „десничарскиот политичар" (Петар Богојески) и „адвокатката од првите борбени редови во судовите која застапува жени жртви" (Катерина Котеска), на публиката јасно ѝ е предочено од која позиција можат да очекуваат да говори секој од нив.

- Темата на емисијата е „Распадот на македонското семејство: Меѓу насилството, разводите и судирот на традицијата и модерното време" и е објавена на кајрон за целото времетраење. На ваков начин, на публиката и е јасно претставен фокусот на дискусијата.

Оценката за тоа дали во емисијата се изнесени ставови кои се дискриминаторски, и следствено на тоа спротивни на законите, се извлекува врз основа на одговорите дадени на шест опсежни прашања кои се однесуваат на јавниот говор, а се содржани во Упатствата за мониторинг на говор на омраза од „Водичот за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание"[12]:

[8] Ibid, стр.: 11.
[9] Ibid, стр.: 8.
[10] „Водич за мониторинг на говорот на омраза – второ дополнето и изменето издание", Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на Република Северна Македонија, 2026 година, стр.27, достапен на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2025/02/Vodic-za-monitoring-na-govor-na-omraza-vtoro-izdanie-.pdf
[11] Ibid, стр.13.
[12] Ibid, стр.44 - 49

1. Кој бил контекстот на изразувањето?

   - Изјавите на г Богојески, се искажани во моменти кога земјата се соочува со зголемен број случаи на родово базирано насилство и фемициди. Дискусијата за оваа тема е широко присутна во јавниот дискурс, што се покажува и преку бројните реакции на јавноста по емитувањето на емисијата со кои ваквите ставови беа осудени од страна на граѓанските организации, граѓан(к)ите, институциите и други субјекти.

2. **Кое е лицето одговорно за изразувањето?**

   - Лицето одговорно за изразувањето е Петар Богојески, политичар и лидер на десно ориентирана партија, кој на почетокот на емисијата е претставен како *„десничарскиот политичар"*. Со ова, на публиката ѝ е посочено од која позиција може да очекува дека ќе говори тој. Г Богојески, во емисијата не говори од позиција на професор, ниту пак во службено својство, туку ги искажува своите политички ставови.

3. **Дали постоела намера за провоцирање на говор на омраза?**

   - Во изјавата: *„Феминизмот е тој кој жените ги направи да се однесуваат на неадекватен начин и да отфрлат било каков машки надзор"*, експлицитно заговара дека на жените им е потребен "машки надзор", но понатаму во својот говор дополнува - *„На жената ѝ е потребна заштита... На жената и е потребна машка заштита..."*. Понатаму, во изјавата: *„Ама чекајте, што е насилство? Дали е насилство изневерувањето од сопругата...Или е насилство реакцијата на сопругот на фактичката состојба?"*, тој се обидува да го релативизира насилството врз жените, велејќи дека тоа е реакција на сопругот на можното изневерување од страна на сопругата. Сепак, во текот на дебатата тој експлицитно не повикува на такви акции од страна на мажите.

4. **Што е содржината на изразувањето?**

   - Целна група на изјавите на г Богојески е општата јавност. Со наводите какви што се: *„Ама чекајте, што е насилство? Дали е насилство изневерувањето од сопругата...Или е насилство реакцијата на сопругот на фактичката состојба?"; „Мудра жена знае кога треба да покути"; „Феминизмот е тој кој жените ги направи да се однесуваат на неадекватен начин и да отфрлат било каков машки надзор"; „На жената ѝ е потребна заштита... На жената и е потребна машка заштита..."*, како и со тврдењето дека обврска на сопругот е да врши надзор врз сопругата, тој поттикнува дејствија како надзор на мажите врз жените, но во поглед на насилството, тој директно не поттикнува, меѓутоа го релативизира психолошкото насилство во бракот и семејството. Од друга страна, во понатамошниот говор, тој се обидува да ги дообјасни своите ставови со реченицата – *„На жената и е потребна заштита... На жената и е потребна машка заштита..."*.

5. **Кои биле степенот и опсегот на изразувањето?**

   - Говорот е искажан на телевизија на државно ниво, во вечерен термин. По емитување на емисијата, од страна на Телевизијата направени се кратки исечоци со поенти од г Богојески, од г-а Котевска и од новинарката Костадиноска – Костиќ, објавени на социјалните мрежи. Во овие исечоци, освен изјавите на г Богојески, прикажани се и спротиставените ставови на соговорничката и на новинарката.

6. **Која била веројатноста од влијаење врз публиката и нејзините идни дејствија?**

- Говорот на г Богојески, од страна на публиката беше разбран како дискриминаторски. Од тие причини, во јавноста се отвори дебата за ваквите ставови, во која тие беа предизвикани и широко осудени.

Анализата покажува дека ставовите и квалификациите изнесени од соговорникот Петар Богојески имаат дискриминаторски карактер од аспект на родот и полот, но предмет на оценување од страна на Агенцијата е како постапил медиумот, а не поединецот[13], односно дали медиумот го прекршил член 48 став 2 од ЗААВМУ за што би требало или само да изврши трансмисија или да ги поддржи/засили неговите ставови.

Оттука, и покрај дискриминаторскиот карактер на дел од изнесениот говор, потребно е при донесувањето регулаторна оценка да се земе предвид начинот на кој тој е контекстуализиран во емисијата, односно улогата на соговорничката, која е поканета од страна на медиумот како противтежа во дебатата, како и улогата на новинарката во критичкото преиспитување на таквите ставови.

Анализата на улогата на новинарката покажа дека Костадиноска - Костиќ ги почитува новинарските стандарди, а избира дискусијата во емисијата да не ја наведува туку да ја води така што:

- Поставува куси прашања со кои отвора различни теми кои можат да влијаат врз односите во бракот (финансиите; традиционалните наспроти современите родови улоги; дали некој од брачните партнери има право да ги наметнува своите ставови; поделбата на домашните обврски; сфаќањата за традиционалното наспроти модерното семејство; насилството кон жените; воспитувањето на децата).

- Вметнува коментари со кои јасно го покажува својот став кон: - прашањето на родовозаснованото насилство, односно кога г Богојески вели: *„Ама чекајте, што е насилство? Дали е насилство изневерувањето од сопругата...“*, таа вметнува коментар: *„Ама тоа се лични односи“*, по што тој продолжува *„...Или е насилство реакцијата на сопругот на фактичката состојба?“*, на што таа одговара: *„Реакцијата на сопругот, по закон“*. На неговото дополнително прашање: *„Што е насилство?“*, таа одговара: *„Па реакцијата на сопругот“*; - кон улогите на сопружниците, бидејќи, откако г Богојески ќе изјави дека: *„Мудра жена знае кога треба да поќути“*, таа поставува прашање: *„Е сега да прашам, а обратно, еве што мислиш, дали мажот треба да поќути?“* на кое тој не одговара, по што таа повторно интервенира: *„Петар не ме слушаш сега што ти зборувам...“*, па откако ќе му го привлече вниманието, поставува прашање: *„Еве кој е по, за тебе, главен виновник, западниве вредности на модерен брак, на модерни општества, знаеме и во ЕУ земји како функционираат, или оваа македонската традиција и сам сега кажа – треба жената да знае кој момент треба да поќути. Мене прашањето ми е, ова е македонска традиција, типично традиционално семејство, дали сопругот треба да има некој момент кога ќе треба да преќути, или некој момент, иако не знае да готви, да се преземе денеска што ќе прави на пример. Нели, бидејќи сопругата има ситуација која што нема да може тоа да го направи. Затоа што тврдокорно се бориш за традиционалното...“*.

- Освен ова, новинарката повеќепати се навраќа и го проблематизира ставот на г Богојески дека: *„Феминизмот е тој кој жените ги направи да се однесуваат на неадекватен начин и да отфрлат било каков машки надзор“*, односно низ целиот сегмент од разговорот ги поставува следниве прашања: *„А зошто надзор?“*, *„А што е надзор? Ајде уште еднаш да објасниме, ова со надзоров е интересно, што е надзор?“*, или со иронија коментира: *„Секоја жена треба да има машки надзор!?“*. Дополнително, кога се говори за раѓањето на деца, кажува дециден став: *„Личен избор...Тоа е личен избор. Дали ќе раѓа или не е личен избор. Исто и на мажите личен избор дали ќе бидат татко“*.

[13] Изјавите на г Богојески, можат да бидат разгледувани од релевантните органи и институции како Комисијата за спречување и заштита од дискриминација и Основното јавно обвинителство.

- По потреба посочува факти, на пример, кога г Богојески наведува дека во земјава, во 2025 година имало повеќе разводи отколку бракови по што дава претпоставка дека е многу голема стапката на развод, таа го сопоставува официјалниот статистички податок дека секој трет брак завршува со развод или, во друг случај, дава пример како во европски држави во пракса се спроведува споделеното старателство врз децата.

Анализата на улогата на соговорничката, адвокатката Котеска, покажува дека таа во дебатата со своите аргументи соодветно ги оспорува и разобличува изнесените тврдења на г Богојески. Онаму каде што г Богојески изнесува политички ставови базирани врз неговото мислење за тоа што се *„традиционални вредности"*, г-а Котеска изнесува аргументи засновани на домашни и меѓународни правни акти; онаму каде што тој дава сопствени толкувања за настани, таа сопоставува примери од нејзината адвокатска пракса; кога тој изнесува воопштени флоскули за родовите улоги, таа ги конкретизира со цел да ги разобличи, а на тврдењата за неговиот брак изнесува примери од сопствениот живот. Кокретно:

- Тврдењето на г Богојески дека нашите закони не чинат е оповргнато така што е посочена нивната заснованост врз Истанбулската Конвенција на Советот на Европа и е потенцирано колку е таа широко прифатена и ратификувана.
- Обидот да се оправда родовозаснованото насилство кон жените го разобличува преку јасно идентификување оти станува збор за дејство спротивно на закон и дека отстранувањето на насилникот од домот е законски пропишана мерка. На настојувањето неверството да се прикаже како насилство, а реакцијата од страна на мажот како *„реакција на заштита на неговото достоинство"* му спротиставува објаснување на разликата меѓу моралното и законското однесување со јасно инсистирање дека реакциите мора да се контролираат.
- Исто така, барањето жените во бракот да имаат *„традиционална"* улога (при што инсинуира дека ќе трпат и нема да пријавуваат насилство), ќе *„поќутат"*, ќе прифатат *„машки надзор"* и сл., го разобличува преку објаснување за штетното влијание на психичкото и физичкото насилство врз жените, врз брачната заедница и врз децата, односно семејството.
- При обидите стапката на разводи и на наталитет да им се припише на жените, соговорничката Котеска јасно инсистира дека кога се формираат врски, вклучувајќи и брак, многу е важно тие да се темелат на доброволна основа, меѓусебно разбирање и почит, при што брачните партнери се договараат за сè, вклучувајќи го и тоа дали во заедницата ќе има деца и колку.
- На тврдењето дека наводно во Германија на жените им е дозволено да „поканат" трета личност во бракот, кое г Богојески го завршува недоречено во поглед на правата на мажот, односно сугерира негова онеправданост, таа сопоставува објаснување дека законите во Германија не се носат врз дискриминаторска основа.
- На обидот насилството врз децата да се претстави како соодветна форма на родителство и „лечење од анксиозност", г-а Котеска во повеќе наврати посочува дека токму напротив, физичкото и психичкото насилство врз децата и во семејството има штетно влијание врз нив.
- Дополнително, г Богојески во неколку случаи, преку изјавата дека адвокатката Котеска развела половина Битола, се обидува да ја примени манипулативната стратегија на т.н. – „атентат врз карактер (личност)[14]". Г-а Котеска не дозволува да биде вовлечена во оваа стратегија, со која дискусијата

[14] Во прилог кон примарната аргументација за ваквата констатација, предвид се земени повеќе аспекти од формативниот есеј - *„Атентат врз карактерот: интердисциплинарен приод"* (*достапен на* https://characterattack.wordpress.com/our-

наместо кон аргументи и факти би се пренасочила кон непотребна самоодбрана, но во еден момент јасно му посочува дека е свесна за неговиот обид за манипулација, велејќи: *„Јас се контролирам во мојата реакција, да не Ви одговорам адекватно, затоа што велите дека сум го развела пола град. Меѓутоа се контролирам, и таква реакција од мене нема да добиете“.*

На ваков начин, во емисијата, ниту еден од ставовите и квалификациите изнесени од г Богојески кои имаат дискриминаторски карактер од аспект на родот и полот не останува непредизвикан, туку напротив тие се разобличени преку стручноста и вештиот и аргументиран стил на дебатирање на адвокатката Котеска, и преку прашањата и коментарите на новинарката Паула Костадиноска – Костиќ.

Анализата на емисијата покажува дека дискриминацијата врз основа на пол и род е забранета со член 48 став 2 од ЗААВМУ, меѓутоа, согласно практиката на ЕСЧП и одредбите на други релевантни европски документи, начинот на кој е реализирана емисијата покажува оти ограничувањето на слободата на изразување во конкретниот случај нема легитимна цел и не е неопходно во едно демократско општество.

8. Опис на прекршувањето: /

9. Предлог: /

Сектор за програмски работи

publications/), чија автор е д-р Ерик Шираев, професор од областа на компаративните студии – меѓународни односи, политичка психологија и историја на науките, од отсекот за Политички науки при George Manson University, Washington DC.